# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 15 Мај 2008 година<br>Службен гласник број 7<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден | Трезорска см. при НБРМ 100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп 756014065763013 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454*, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ ЗА ЈАВНА АВТОБУСКА СТАНИЦА ВО ПРИЛЕП И ИЗВРШУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС - УРЕДУВАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНИОТ ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ**

1. Одлуката за започнување на постапка за пристапување кон јавно приватно партнерство за изградба на објект за јавна автобуска станица во Прилеп и извршување на дејност од јавен интерес - уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08 – 1222/1 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 15.05.2008 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на член 22 ст.1 т.4 ; 36 ст.1 т.7 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 ) и врз основа на член 14 ст.1 т.4 ; чл.26 ст.1 т.31 од Статутот на Општина Прилеп ( Службен Гласник бр. 6/2003 и бр. 4/2005 год) , како и врз основа чл.89 а во врска со чл.26 и 29 како и чл.82 од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство (Сл. Весник на РМ бр.7/2008) Советот на ЕЛС-Општина Прилеп на својата седница одржана на ден 13.05.2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За започнување на постапка за пристапување кон јавно приватно партнерство за изградба на објект за јавна автобуска станица во Прилеп и извршување на дејност од јавен интерес-уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници**

1.Целта на јавното приватно партнерство е изградба на објект за јавна автобуска станица врз земјиште кое општина Прилеп го има во трајно користење и извршување на дејност од јавен интерес-уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници.

2.Предмет на јавното приватно партнерство е изградба на јавна автобуска станица во Прилеп на градежно земјиште на КП.бр.19447/2 евидентирана во Имотен лист број 15248 КО Прилеп со површина од 4267 $м^2$ , согласно извод од Детален урбанистички план бр.09-1519/2 , врз основа на изработената инвестиционо-техничка документација за изградба на овој објект како и извршување на дејност од јавен интерес-уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници.

3.Советот на Општина Прилеп согласно на чл. 36 ст.1 т.7 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 ) како и чл.26 ст.1 т.31 од Статутот на Општина Прилеп ( " Службен Гласник бр. 6/2003 и бр. 4/2005 год) , ќе донесе соодветна Одлука со која на приватниот партнер со кој ќе се склучи

соодветен договор за јавно приватно партнерство ќе му се издаде Дозвола за вршење на дејност од јавен интерес-уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници.

4. Правата и обврските на Јавниот партнер и Приватниот партнер , со кој ќе се склучи соодветен договор за јавно приватно партнерство , ќе се уредат со посебен Договор за јавно приватно партнерство, кој ќе се склучи за временски период од 30 години.

5. Сопственоста над изградениот објект за јавна автобуска станица ќе се регулира со Договорот за јавно приватно партнерство во согласнсост со чл.94 од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство (Сл. Весник на РМ бр.7/2008) , на начин што по истекот на договорот за јавно приватно партнерство сопственоста над објектот се пренесува на јавниот партнер.

6.Постапката за доделување на договор јавно приватно партнерство да се спроведе согласно на членовите 31 до 75 од Законот за концесии и други видови јавно приватно партнерство , односно да се изврши по пат на Отворена постапка , согласно со член 54 т.1 ; 64 т.1 ; член 65 т.1 и член .67 од Законот за јавни набавки (Сл.Весник на РМ бр.136/2007).

7.Услови-Критериуми за избор на најповолна понуда и избор на приватен партнер со кој ќе се склучи соодветен договор за јавно приватно партнерство да бидат :

а. Месечен надоместок изразен во денари по м2 од земјиштето кој приватниот партнер ќе го плаќа на јавниот партнер ......................... 20 бода

б. Висината на материјалните средства кој приватниот партнер ќе ги вложи во инфраструктура.. ..…30 бода

в. Висината на материјалните средства кој приватниот партнер ќе ги вложи во објектот за јавна автобуска станица согласно на инвестициони техничката документација.........................… 30 бода

г. Бројот на лица кој приватниот партнер ќе ги вработи во рок од 5 години за извршување на дејноста од јавен интерес -уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници ...............… 10 бода

д. Рок на отпочнување за вршење на дејноста од јавен интерес – уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници ……........................................ 10 бода

<u>ВКУПНО : 100 бода</u>

8. Надоместокот за издавање на тендерската документација ќе изнесува 3.000,оо денари.

9.Се овластува Градоначалникот со свое Решение да формира Комисија која ќе ја спроведе Отворената постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство.

10. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Број 07 - 1204/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.05.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ ЗА ЈАВНА АВТОБУСКА СТАНИЦА ВО ПРИЛЕП И ИЗВРШУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС - УРЕДУВАЊЕ И РГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНИОТ ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

1. Заклучокот по Одлуката за започнување на постапка за пристапување кон јавно приватно партнерство за изградба на објект за јавна автобуска станица во Прилеп и извршување на дејност од јавен интерес - уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1222/1-1 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.05.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26, став 1, точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 ), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 13.05. 2008 година, претресувајќи ја Одлуката за започнување на постапка за пристапување кон јавно приватно партнерство за изградба на објект за јавна автобуска станица во Прилеп и извршување на дејност од јавен интерес-уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници, донесе:

З А К Л У Ч О К

1. Советот на Општина Прилеп на Градоначалникот му предлага при формирањето на Комисијата за спроведување на отворената постапка за доделување на Договор за јавно приватно партнерство да именува еден претставник од опозицијата, доколку тоа го дозволуваат законските прописи.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот и архивата на Општина прилеп.

3. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1204/2-1 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.05.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА УАЕ БР. 4, УРБАН БЛОК 4/1- ДЕЛ, БЛОК "С-5" ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на ДУП за УАЕ бр. 4, урбан блок 4/1- дел, Блок "С-5" , во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1222/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.05.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05и 137/2007), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 13.05.2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на ДУП за УАЕ бр.4,Урбан Блок 4/1-дел Блок " С-5", во Прилеп**

**Чл.1**

**Се донесува Детален урбанистички план за УАЕ бр.4, урбан блок 4/1-дел, Блок "С-5",во Прилеп ,** (во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.**Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:**од север граница е границата на урбаниот опфат на ГУП и постојниот одводен канал,од исток граница е осовината на улицата "Дебарца",од југ осовина на крак од улицата "Дебарца" и крак на улицата"Белградска",и од запад осовина на улицата "Даме Груев".

**Вака определениот плански опфат е со површина од 4,45 ха.**

**Чл.2**

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

**-Нацрт План** изработен од од ДООЕЛ " Стил Проект " од Прилеп со техн.бр.10/07 од Септември 2007 год;

**-Извештај од извршена Стручна ревизија** на Нацрт Планот изготвена од "Ин-Пума"Скопје,од Април 2007г.

**-Одговор по извештајот од Стручната ревизија** од изготвувачот од планот ДООЕЛ "Стил Проект "од Прилеп ,од Септември 2007год.

-**Стручно мислење од Министерството за транспорт** и врски бр.16-5851 од 12.07.2007год.-Сектор за уредување на просторот- Скопје ;

**-Одговор по забелешките од Стручното мислење** техн.бр.10/07,од ДООЕЛ" Стил Проект" од Прилеп,од Септември 2007год.

**-Одлука за за утврдување на Нацрт планот** бр.07-2353/5 од 29.10.2007год.,од Советот на Општина Прилеп.

**-Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета** по Нацрт планот бр.09-685/8 од 29.10.2007 год.

**-Соопштение за организирање на јавна анкета** и јавна презентација по Нацрт планот бр.09-685/9 од 29.10.2007г.- објавено во печатен медиум.

-**Извештај од јавна анкета и стручна консултација по нацрт планот** бр.09- 685/14 од 14.12.2007 година.

**-Известување за постапување по извештајот** бр.09-108/2 од 15.01.2008

**-Програма за донесување на урбанистички планови за општина** Прилеп за 2006 година ;

**-Доставување на барање за согласност за Предлог План** бр.09-108/3 од 16.01.2008год.,до МТВ-Сектор за уредување на просторот;

**-Согласност од Министерството за транспорт и врски** за Предлог План ДУП за УАЕ бр.4 ,урбан блок 4/1-

дел,Блок "С - 5", во Прилеп, бр.16-1062/3 од 21.04.2008год.- издадена од МТВ-Сектор за уредување на просторот-Скопје.

**-Комплетен примерок од Предлог План** изработен од ДООЕЛ " Стил Проект " од Прилеп, од Јануар 2008 год. кој содржи:

**1.Насловна страна**

**2.Содржина,**

**3.Извод од регистрација на фирмата**

**4.Овластување од фирмата и проектантот**

**5.Документациона основа**

5.1.Вовед

5.2.Програмска задача

5.3.Извод од постоен ГУП

5.4.Анализа на постојна состојба со билансни показатели

**5.5.Графички прилози**

**-** Извод од ГУП на град Прилеп М=1:5000

- Ажурирана геодетска подлога М=1:1000

- Инвентаризација на постоен градежен фонд М=1:1000

- Сообраќај и инфраструктура М= 1:1000

**6. Планска документација**

6.1.Намена на површини и градби

6.2.Површини за градба и висински план

6.3.Општи и посебни услови за изградба

6.4.Зелени површини и елементи на заштита на животната средина со урбана опрема

6.5.Сообраќај

6.6.Водовод и канализација

6.7.Електрика и ПТТ

6.8.Економско образложение

6.9.Останато

**7.Нумерички и билансни показатели на планирана состојба**

**8.Графички прилози**

8.1.План на намена на земјиштето и градбите

8.2.Регулационен план и план на површини за градење

8.3.Сообраќаен и нивелационен план и план на зеленило

8.4.Имфраструктурен план

8.5.Синтезен план на планските решенија

**Чл.3**

Донесениот урбанистички план се заверува , во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на донесувачот на планот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот во електронски формат,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и седмиот примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

**Чл.4**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од јавната анкета и стручната консултација , со образложение за за прифатените и неприфатените забелешки,изработен од стручна комисија формирана од Градоначалникот на Општината.

**Чл.5**

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење.

**Чл.6**

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

**Чл.7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 1204/3 ПРЕТСЕДТЕЛ
13.05.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА СОУ "ОРДЕ ЧОПЕЛА" - ПРИЛЕП

1. Решението за давање согласност на Годишната сметка на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1222/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.05.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата , одржана на 13.05.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Годишната сметка на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп за 2007 година

1. Се дава согласност на Годишната сметка на СОУ"Орде Чопела" - Прилеп, за 2007 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 1204/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.05.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешување и избор на претседател на Комисијата за Статут и прописи на Советот на Општина Прилеп

1. СЛАВЕ НАУМОСКИ, се разрешува од претседател на Комисијата за Статут и прописи на Советот на Општина Прилеп.

2. ИЛЕ ТАСЕСКИ, се избира за претседател на Комисијата за Статут и прописи на Советот на Општина Прилеп.

3. Решението да се достави до именованиот, архивата и Градоначалникот на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 1204/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.05.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДТЕЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА СТАТУТ И ПРОПИСИ**

1. Решението за разрешување и именување претседтел на Комисијата за Статут и прописи, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1222/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.05.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА МАНДАТНИ ПРАШАЊА, ИЗБОРИ И ИМЕНУВАЊЕ**

1. Решението за разрешување и именување член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1222/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.05.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 44 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 13.05.2008 година, донесе:

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 44 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 13.05.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешување и избор на член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Прилеп

1. СЛАВЕ НАУМОСКИ, се разрешува од член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Прилеп.

2. САШО ЈОВАНОКИ, се избира за член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Прилеп.

3. Решението да се достави до именованиот, архивата и Градоначалникот на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 1204/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.05.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ**

1. Решението за разрешување и именување претседател на Комисијата за елементарни непогоди, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1222/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.05.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 44 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 13.05.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешување и избор на претседател на Комисијата за елементарни непогоди на Советот на Општина Прилеп

1. СЛАВЕ НАУМОСКИ, се разрешува од претседател на Комисијата за елементарни непогоди на Советот на Општина Прилеп.

2. ИЛЕ ТАСЕСКИ, се избира за претседател на Комисијата за елементарни непогоди на Советот на Општина Прилеп.

3. Решението да се достави до именованиот, архивата и Градоначалникот на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 1204/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.05.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА МЕСНА САМОУПРАВА**

1. Решението за разрешување и именување претседател на Комисијата за месна самоуправа, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1222/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.05.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 44 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 13.05.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешување и избор на претседател на Комисијата за месна самоуправа на Советот на Општина Прилеп

1. СЛАВЕ НАУМОСКИ, се разрешува од претседател на Комисијата за месна самоуправа на Советот на Општина Прилеп.
2. САШО ЈОВАНОСКИ, се избира за претседател на Комисијата за месна самоуправа на Советот на Општина Прилеп.
3. Решението да се достави до именованиот, архивата и Градоначалникот на Општина Прилеп.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 1204/8
13.05.2008 год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ**

1. Решението за разрешување и именување претседател на Советот за заштита на потрошувачите, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1222/8
15.05.2008 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 44 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 13.05.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешување и избор на претседател на Совет за заштита на потрошувачите на Советот на Општина Прилеп

1. СЛАВЕ НАУМОСКИ, се разрешува од претседател на Советот за заштита на потрошувачите на Советот на Општина Прилеп.
2. САШО ЈОВАНОСКИ, се избира за претседател на Советот за заштита на потрошувачите на Советот на Општина Прилеп.
3. Решението да се достави до именованиот, архивата и Градоначалникот на Општина Прилеп.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 1204/9
13.05.2008 год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ - ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА**

1. Одлуката за измена и дополнување - проширување на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1222/9
15.05.2008 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002) и член 43 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 ), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 13.05. 2008 година, донесе:

## ***О Д Л У К А***
## за измена и дополнување - проширување на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување - проширување на Буџетот на Општина - Прилеп за 2008 година и тоа на следниот начин:

**Се зголемуваат приходите на следните подставки:**

| Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|
| 711139 Данок на доход од приходи од занаетчиска дејност според паушал | | | | |
| 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 718127 Надоместок кој го плаќаат операторите на инсталациите со Б-интегрирана еколошка дозвола на општината односно на градот Скопје | | | | |
| 1.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 741111 Тековни трансфери од други нивоа на власт | | | | |
| 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 741211 Капитални трансфери од други нивоа на власт | | | | |
| 7.700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Е0 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | |
| 421110 Елективна енергија | | | | |
| 1.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421120 Водовод и нанализација | | | | |
| 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JG ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ** | | | | |
| 482720 Изградба на капацитети за водоснабдување | | | | |
| 5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JI ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ** | | | | |
| 482920 Изградба на други објекти | | | | |
| 2.700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **К4 КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | |
| 464990 Други трансфери | | | | |
| 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **9.300.000** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1204/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.05.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НАРАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА

1. Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1222/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
15.05.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002) и член 43 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 ), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 13.05. 2008 година, донесе:

## ***О Д Л У К А***
## за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина - Прилеп за 2008 година и тоа на следниот начин:

| Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|
| Подпрограма / Подставка | | | | |
| **Е0 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | |
| 425990 Други договорни услуги | | | | |
| 770.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N1 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421110 Електрична енергија | | | | |
| 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 483210 Купување на канцелариска опрема | | | | |
| 470.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1204/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.05.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

**С О Д Р Ж И Н А**

*на “Службен гласник на Општина Прилеп”*

*број 7 од 15.05.2008 година*

1. Одлука за започнување на постапка за пристапување кон јавно приватно партнерство за изградба на објект за јавна автобуска станица во Прилеп и извршување на дејност од јавен интерес - уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници. .................................................................................................................. **Стр. 1**

- Заклучок по Одлуката ........................................................ **Стр. 1**

2. Одлука за донесување на ДУП за УАЕ бр. 4, урбан блок 4/1-дел, Блок "С-5" , во Приле................................................................ **Стр. 1**

3. Решение за давање согласност на Годишната сметка на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп. ..................................................................... **Стр. 1**

4. Решение за разрешување и именување претседтел на Комисијата за Статут и прописи......................................................... **Стр. 1**

5.Решение за разрешување и именување член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување......................................... **Стр. 1**

6. Решение за разрешување и именување претседател на Комисијата за елементарни непогоди. .............................................. **Стр. 1**

7. Решение за разрешување и именување претседател на Комисијата за месна самоуправа. ..................................................... **Стр. 1**

8. Решение за разрешување и именување претседател на Советот за заштита на потрошувачите............................................ **Стр. 1**

9. Одлука за измена и дополнување - проширување на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година.......... **Стр. 1**

10. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година.................................. **Стр. 1**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.